ПАТРИМОНИУМ.МК
Списание за културното наследство
- споменици, реставрација, музеи -
Година 12, број 17 / 2019

PATRIMONIUM.MK
Periodical for Cultural Heritage
- Monuments, Restoration, Museums -
Year 12, N° 17 / 2019



*Уредник*
Дарко Николовски

*Editor*
Darko Nikolovski

*Редакциски одбор:*
Елизабета Димитрова
Иван К. Заров
Марула Николовска
Мирјана М. Машниќ
Роберт Петковски
Елизабета Касапова

*Editorial board:*
Elizabeta Dimitrova
Ivan K. Zarov
Marula Nikolovska
Mirjana M. Mašnić
Robert Petkovski
Elizabeta Kasapova

*International Editorial board:*
Smiljka Gabelić (Belgrade)
Ioannis Sisiou (Kastoria)
Ivanka Gergova (Sofia)
Marina-Ileana Sabados (Bucharest)
Mihail Butirski (Moscow)
Jancarkova Julie (Prague)

Издавањето на ова списание го помогна
Министерството за култура на Р.С. Македонија

The publishing was supported by
The Ministry of Culture of the Republic of North Macedonia

# ПАТРИМОНИУМ.МК

Списание за културното наследство
- споменици, реставрација, музеи -
Година 12, број 17 / 2019

# PATRIMONIUM.MK

Periodical for Cultural Heritage
- Monuments, Restoration, Museums -
Year 12, N° 17 / 2019

КАЛАМУС

Скопје 2019

CALAMUS

Skopje 2019

**СОДРЖИНА** / **CONTENTS**


*Гоце НАУМОВ, Алберт ХАФНЕР, Бојан ТАНЕСКИ, Ариан БАЛМЕР, Јоханес РАЈХ, Марко ХОШТАТЛЕР, Матиас БОЛИГЕР, Џон ФРАНЦУЗ, Андреј МАЧКОВСКИ, Ејми БОГАРД, Феран АНТОЛИН, Мајк ЧАРЛС, Вили ТИНЕР, Цезар Моралес дел МОЛИЊО и Андре ЛОТЕР*
ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ПЛОЧА-МИЌОВ ГРАД КАЈ ГРАДИШТЕ (ОХРИДСКО ЕЗЕРО) ВО 2019 ГОДИНА
**[11]**

*Goce NAUMOV, Albert HAFNER, Bojan TANESKI, Ariane BALLMER, Johannes REICH, Marco HOSTETTLER, Matthias BOLLIGER, John FRANCUZ, Andrej MACHKOVSKI, Amy BOGAARD, Ferran ANTOLIN, Mike CHARLES, Willy TINNER, César Morales Del MOLINO and André LOTTER*
RESEARCH IN 2019 AT THE SITE OF PLOČA-MIĆOV GRAD NEAR GRADIŠTE (LAKE OHRID)
**[46]**

*Перо СИНАДИНОВСКИ*
ХРОНОЛОГИЈА НА ДОЦНИОТ НЕОЛИТ ВО ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА
**[47]**

*Pero SINADINOVSKI*
CHRONOLOGY OF THE LATE NEOLITHIC PERIOD IN WESTERN MACEDONIA
**[58]**

*Викторија СОКОЛОВСКА, Цоне КРСТЕВСКИ*
НЕКОЛКУ НОВИ НАОДИ ВО ТРКАЛЕЗНА ПЛАСТИКА ОД ИСАР - МАРВИНЦИ
**[59]**

*Viktoria SOKOLOVSKA, Cone KRSTEVSKI*
NEW FINDS OF MARBLE SCULPTURE FROM ISAR-MARVINCI
**62]**

*Игор ЕФТИМОВСКИ*
ΑΒΡΑϹΑΞ И OUROBOROS ОД ПРЕСПА - СВЕДОШТВО ЗА ПОСТОЕЊЕТО НА ГНОСТИЧКИ КУЛТ?
**[63]**

*Igor EFTIMOVSKI*
ΑΒΡΑϹΑΞ AND OUROBOROS FROM PRESPA - TESTIMONY FOR THE EXISTENCE OF A GNOSTIC CULT?
**[74]**

*Mishko TUTKOVSKI*
RESTORATION AND DISPLAY OF THE MOSAIC FROM THE OLD EPISCOPAL BASILICA IN STOBI
**[75]**

*Мишко ТУТКОВСКИ*
РЕСТАВРАЦИЈА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА МОЗАИКОТ ОД СТАРАТА ЕПИСКОПСКА БАЗИЛИКА ВО СТОБИ
**[86]**

*Александар МИТКОСКИ, Душко ТЕМЕЛКОСКИ*
ГЕОРЕКОГНОСЦИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНИТЕ ПРИЛЕП, ДОЛНЕНИ, КРИВОГАШТАНИ И КРУШЕВО
**[87]**

*Aleksandar MITKOSKI, Duško TEMELKOSKI*
THE GEO-SURVEY ON THE TERRITORY OF THE MUNICPALITIES OF PRILEP, DOLNENI, KRIVOGAŠTANI AND KRUŠEVO
**[106]**

*Драган ЃАЛЕВСКИ*
ВИЗАНТИСКАТА ДИПЛОМАТИЈА НА БАЛКАНОТ ВО ВРЕМЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ДИНАСТИЈА: ИДЕОЛОГИЈАТА И ИСТОРИЈАТА КАКО СРЕДСТВО
**[107]**

*Dragan GJALEVSKI*
THE BYZANTINE DIPLOMACY ON THE BALKANS DURING THE PERIOD OF THE MACEDONIAN DYNASTY: IDEOLOGY AND HISTORY AS A MEDIUM
**[116]**

*Elizabeta DIMITROVA*
CULTURAL CSI – FOUR CASES OF SOCIO-ARTISTIC INVESTIGATION: files, exhibits, evidence
**[117]**

*Елизабета ДИМИТРОВА*
АРТФОРЕНЗИКА ВО ЛИКОВНИТЕ СПОМЕНИЦИ: ЧЕТИРИ СЛУЧАИ НА СОЦИО-УМЕТНИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ (досијеа, сведоштва, доказен материјал)
**[134]**

*Татјана ВУЛЕТА*
СТРАНИ ЕЛЕМЕНТИ У ОДЕЖДИ КАРАНСКИХ КТИТОРА – ОТИСАК СВЕТА КАО СИМБОЛ ЕТНОСА, II део
**[135]**

*Tatjana Vuleta*
FOREIGN ELEMENTS OF KTETOR ATTIRE IN KARAN – THE MARK OF THE WORLD AS A SYMBOL OF ETHNOS, Part 2
**[162]**

*Ana POPOVA*
THE PROPHETS IN THE DOME OF ST. GEORGE AT POLOŠKO
**[163]**

*Ана ПОПОВА*
ПРЕТСТАВАТА НА ПРОРОЦИТЕ ВО КУПОЛАТА НА ЦРКВАТА СВ. ЃОРЃИ ПОЛОШКИ
**[172]**

*Smiljka GABELIĆ*
IZ TOPOGRAFIJE CRKVE MANASTIRA LESNOVA: JUŽNI PORTAL. ARHITEKTONSKI UKRAS. FASADNE FRESKE. ZGRAFITI
**[173]**

*Смиљка ГАБЕЛИЌ*
ОД ТОПОГРАФИЈАТА НА ЦРКВАТА НА МАНАСТИРОТ ЛЕСНОВО: ЈУЖНИОТ ПОРТАЛ. АРХИТЕКТОНСКИ УКРАС. ФАСАДНИ ФРЕСКИ. ЗГРАФИТИ.
**[196]**

*Јехона СПАХИУ ЈАНЧЕВСКА*
ИКОНОСТАСОТ ОД ЦРКВАТА СВЕТИ НИКОЛА ВО ТОПЛИЧКИОТ МАНАСТИР (XVI ВЕК)
**[197]**

*Jehona SPAHIU JANCHEVSKA*
THE ICONOSTASIS IN THE CHURCH OF ST. NICHOLAS IN THE MONASTERY OF TOPLICA ($16^{th}$ CENTURY)
**[212]**

*Дарко НИКОЛОВСКИ*
ЦРКВАТА СВЕТИЃОРЃИ ВО с. ЃУЗУМЕЛЦИ, СВЕТИ НИКОЛЕ
**[213]**

*Darko NIKOLOVSKI*
THE CHURCH OF ST.GEORGE IN THE VILLAGE GJUZUMELCI, NEAR SVETI NIKOLE
**[230]**

*Бојан ТАНЧЕСКИ*
ЦРКВАТА СВ. ГЕОРГИ ВО С. ЛАЗАРОВЦИ, КИЧЕВСКО
**[231]**

*Bojan TANČESKI*
THE CHURCH OF ST. GEORGE IN THE VILLAGE LAZAROVCI, NEAR KIČEVO
**[270]**

*Ивана ЖЕНАРЈУ РАЈОВИЋ*
ИКОНОСТАС ХАЏИ КОСТАДИНА КРСТЕВА У ЦРКВИ СВЕТОГ АРХАНГЕЛА ГАВРИЛА У ВЕЛИКОМ РОПОТОВУ КОД ГЊИЛАНА
**[271]**

*Ivana ŽENARJU RAJOVIĆ*
ICONOSTASIS OF HADZI KOSTADIN KRSTEV IN THE CHURCH OF THE HOLY ARCHANGEL GABRIEL IN VELIKO ROPOTOVO NEAR GNJILANE
**[282]**

*Славчо КОВИЛОСКИ*
ПЕКОЛНИОТ СЕГМЕНТ НА СТРАШНИОТ СУД ВО ЦРКВАТА СВ. НИКОЛА ВО ВРАНЧЕ, ПРИЛЕПСКО
**[283]**

*Slavcho KOVILOSKI*
THE HELLISH SEGMENT OF THE LAST JUDGEMENT IN THE CHURCH ST. NIKOLAS IN VILLAGE OF VRANCHE, PRILEP AREA
**[290]**

*Снешка ЛАКАЛИСКА*
КРСТОВИ И ИКОНИ ОД ТВОРЕШТВОТО НА ВИТЛЕЕМСКИТЕ СЕДЕФКАРИ ОД XIX ВЕК
**[291]**

*Sneška LAKALISKA*
MOTHER OF PEARL CROSSES AND ICONS FROM THE $19^{th}$ CENTURY FROM THE CREATORS IN BETHLEHAM
**[302]**

*Небојша С. ГАЏИЋ*
АРХИТЕКТУРА ПРИЗРЕНСКЕ ГОРЕ - ГЕНЕЗА
**[303]**

*Nebojša GADZIČ*
ARCHITECTURE OF THE PRIZRENSKA GORA-GENESIS
**[315]**

*Екатерина НАМИЧЕВА, Петар НАМИЧЕВ*
ТРАДИЦИОНАЛНАТА АРХИТЕКТУРА ВО ВЕЛЕШКО ОД 19 ВЕК И ПОЧЕТОКОТ НА 20 ВЕК
**[316]**

*Ekaterina NAMIČEVA, Petar NAMIČEV*
THE TRADITIONAL ARCHITECTURE IN THE REGION OF VELES FROM THE 19TH TO THE BEGINNING OF THE 2OTH CENTURIES
**[339]**

*Душан Пејчев, Лидија Робева Чуковска*
МУЛТИАНАЛИТИЧКО ИСПИТУВАЊЕ НА ТРИ УМЕТНИЧКИ ДЕЛА ОД АВТОРОТ ВАНГЕЛ КОЏОМАН
**[340]**

*Dušan PEJČEV, Lidija ROBEVA ČUKOVSKA*
A MULTI ANALYTIC RESEACH ON THREE PAINTINGS BY THE AUTHOR VANGEL KODZOMAN
**[355]**

*Елизабета ДИМИТРОВА*
ПРОМОЦИЈА НА FOLIA ARCHAEOLOGICA BALKANICA IV
**[356] [359]**

*Jovica GROZDANOVSKI*
ΤΗ ΠΡΟΣΦΙΛΕΣΤΑΤΗ ΚΑΙ ΠΑΝΤΑ ΑΡΙΣΤΗ ΜΑΚΕΔΟΝΙΑΡΧΙΣΣΗ:
УЧЕНИЦИ И КОЛЕГЕ ЗА ПРОФЕСОРА ФАНУЛУ ПАПАЗОГЛУ.
МЕЂУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА, Београд, 17-18. октобар, 2017.
**[360] [363]**

Nikos CHAUSIDIS
DOES THE HOARD FROM VELESTINO IN THESSALY BELONG TO THE PAGAN-SLAVIC OR CHRISTIAN-BYZANTINE CULTURE?
**[364] [389]**

Љубо ФИДАНОСКИ
КУС И СУБЈЕКТИВЕН ОСВРТ КОН ИЗЛОЖБАТА АФРИКА ВО МАКЕДОНИЈА ВО МУЗЕЈОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**[390] [393]**

*Овој број на списанието*
*P A T R I M O N I U M. MK*

*Во чест на*
**м-р РИСТО ПАЛИГОРА**
(1961 – 2018)



*м-р Ристо Палигора (1961 – 2018)*

Меѓу генерацијата историчари на уметноста кои по дипломирањето на Катедрата за историја на уметноста со археологија на Филозофскиот факултет во Скопје, кон средината на осумдесеттите години на минатиот век, активно се вклучија  во работата на службата за заштита на спомениците на културата и од местото на конзерватори во заводите и музеите низ Македонија реализираа низа значајни проекти, особено се издвојува професионалниот и стручен придонес на м-р Ристо Палигора.

Тој, како историчар на уметноста, конзерватор, истражувач,  долгогодишен кустос во Завод и музеј Битола, речиси триесет години ги посвети на професијата, пред сè, заштитата, конзервацијата, презентацијата и промоцијата на културното наследство. Неговиот професионален интерес беше насочен кон средновековната уметност и спомениците на доцниот среден век од времето на XVIII и XIX век во Битола, Битолско, Пелагонија, како и спомениците на Преспа.

Палигора беше еден од најсистематичните и најстудиозните конзерватори кои во изминатите децении реализира повеќе значајни и сложени проекти во доменот на заштитата на архитектонското и историско-уметничкото наследство.

Годините поминати во теренски истражувања, теренски документирања и непосредни професионални опсервации овозможија м-р Палигора да стекне широк увид во споменичкото наследство на Битолско, но и со интереси кон спомениците на Преспа и Демирхисарско. Овие теренски истражувања овозможија да ги согледа и уметничките текови на XVIII и XIX век во Битолско и да проникне во сложените процеси на уметничкото создавање поврзани со присуство на бројните зографи и зографски тајфи кои давале особен тон и динамика на уметничките процеси на поширокиот простор на југозападна Македонија

Тој најдобро ги познаваше делата на зографите од потпелистерските села Магарево и Мало-

вишта, како и делата на зографите од Хионијадес, Северен Епир, но и делата на корчанските зографи од времето на доцниот XVIII век. Го следеше и проучуваше присуството и на дебарско-мијачките зографи, пред сѐ, опусот на браќата зографи Јосиф и Јаков Радеви од Лазарополе, како и живописот на зографите од Крушево.

Последните десетина години реализираше неколку значајни конзерваторски проекти, а посебен предизвик за него претставуваше конзервацијата на архитектурата и фрескоживописот на црквата во Курбиново. Со големо внимание, посветеност и професионална одговорност ги водеше сложените истражувачки работи. Напоредно со овој голем проект тој реализира и неколку сложени конзерваторски и реставраторски зафати на фрескоживописот во црквата во с. Егри, каде што по опожарувањето на црквата го изработи и го реализира проектот со кој успешно се изврши санација на архитектурата и фрескоживописот кој беше симнат од оштетените ѕидови на црквата, конзерваторски третиран и повторно вратен назад по целосната реставрација на црквата. Со сложен конзерваторски третман ги санира фрескоживописот и иконите во црквата во с. Долно Чарлија. Во низата реализирани проекти ја издвојуваме и успешната конзервација на иконите од црквата на Богородица во с. Велушина, како и севкупниот фрескоживопис сочуван во неколку слоја и хронолошки фази.

Професионалните ангажмани на Ристо Палигора не завршуваа само на овие конзерваторски зафати, туку за него претставуваа една иницијална фаза кон нивно проучување и научно валоризирање. Низ тие истражувања тој успеваше да ги согледа и проучи програмските, иконографски и стилско-ликовните особености на спомениците.

Неговиот магистерски труд, сеопфатна студија за црквата „Св. Петка“ во Маловишта, всушност, го најави и откри професионалниот и научен интерес на м-р Палигора кон истражување и проучување на уметноста во Пелагонија од XIX век.

Но, за пошироките познавања и проучувања на уметноста на доцниот среден век во Македонија посебно се значајни неговите студии, монографии за црквите „Св. Димитрија“ во Долно Чарлија (2016), црквата во Долно Егри (2016), а особено монографијата за црквата „Успение на Богородица“ во с. Велушина (2018). Ја издвојуваме и публикацијата „Црквите и манастирите на Баба Планина“ (2012) во форма на водич низ црквите во регионот на Битола и Преспа. Посебно го истакнувам Каталогот на иконите од црквата во Велушина (2016), како особен придонес во доменот на заштитата и презентацијата на движното културно наследство.

Неговиот последен монографски труд посветен на црквата „Св. Константин и Елена“ во Битола (2018) беше посветен на истражувањето на историјата на влашката црковно-училишна општина при овој храм, како и севкупната нејзина историја со многу значајни летописни и документарни прилози, како и нејзините архитектонски и уметнички особености.

Ристо Палигора учествуваше на повеќе научни собири каде што секогаш презентираше нови сознанија за спомениците и уметноста на Пелагонија. Значајни настапи имаше и на конференции што го третираа проблемот на заштитата на културно-историските споменици.

Тој беше близок соработник на Истражувачкиот центар за културно наследство „Цветан Грозданов“ при МАНУ. Голем дел од истражувачките потфати и проекти ги реализира со професионална помош и поддршка на соработниците на Центарот, особено со раководителот на Центарот, акад. Цветан Грозданов, со кога одржуваше непосредни професионални врски.

Меѓу неговите научни трудови презентирани и публикувани на вакви значајни настани посебно внимание заслужуваат истражувањата за портретите на св. Наум Охридски во спомениците на Пелагонија и Преспа презентирани на Научниот собир во Охрид  во 2010 година, како и презентирање на десетина непознати икони и царски двери од црквите на поствизантискиот период како значаен прилог кон познавањето на уметноста од XVII век, објавено во Зборникот на трудови посветен на 50 години од научната дејност на акад. Цветан Грозданов во 2013 година.

Последните неколку години, м-р Палигора беше непосредно вклучен и во активностите на Демирхисарската летна школа во Слепче и во двата меѓународни научни симпозиума што се одржуваа во тие рамки.

Прераното заминување на колегата Ристо Палигора во годините на неговиот најголем творечки подем, во миговите пред одбраната на својата докторска дисертација, која студиозно ја подготвуваше повеќе години, претставува голема загуба за професијата, за македонската наука и за медиевистиката, а посебно за службата за заштита на спомениците на културата, која изгуби посветен, стручен и одговорен професионалец.

*д-р Сашо Цветковски*, научен советник
во ИЦКН „Цветан Грозданов“ при МАНУ

**Кратка биографија**

Ристо Палигора е роден на 18.03.1961 година во Битола. Основно и средно образование завршува во Битола – во гимназијата Јосип Броз Тито. Во 1985 година дипломира на Филозовскиот факултет во Скопје на групата Историја на уметност со археологија.

Од 1987 година работи во Заводот за заштита на спомениците на културата, Музеј и Галерија во Битола, како историчар на уметност – конзерватор. Најголемо внимание во својата работа му посветил на црковните споменици, ѕидното сликарство, иконописот и црковната резба од средновековието, па се до крајот на 19 век. Во дваесет и четиригодишниот работен ангажман учествувал во успешна реализација на повеќе проекти од областа на истртажувачките работи, валоризацијата, превентивната заштита и конзервацијата на културното наследство. Работел како раководител на следните проекти кои ги изнесуваме во хронолошки редослед

1. Инвентаризација, документација и ревалоризација на иконите од 15 до крај на 19 век во пошироката околина на градот Битола, со вкупна бројка од околу 4000 икони во околу 120 цркви.
2. Проучување на зидното сликарство низ црквите и манастирите во пошироката околина на градот Битола, Демир Хисар и Ресен.
3. Увид во состојбата на црковната резба во битолско од 16 до крајот на 19 век.
4. Конзервација на кровната конструкција и дел од живописот во црквата Св.Архангел Михаил во село Средно Егри од 19 век.
5. Конзервација на ѕидното сликарство во црквата Св.Димитриј во Битола од 19 век.
6. Заштита и конзервација на кровната конструкција и живописот во црквата Св.Димитриј во с.Градешница – Мариово од 15 – 17 век.
7. Превентивна заштита на кровната конструкција и живописот како и конзервација на делови од архитектурата на црквата Св.Богородица Пречиста од с. Граешница – битолско (17 век).
8. Истражувачки работи и конзервација на црквата Успение на Св.Богородица од с.Велушина 10/11 и 19 век..
9. Истражувачки работи и проект за конзервација на фреско сликарството во црквата Св.Никола во некогашното село Чагор од 17 век.
10. Конзервација на зидното сликарство во црквата Св.Петка во село Маловишта од 19 век.
11. Конзервација на колекција од 60 икони од црквата Св.Петка во село Маловишта од 16/17 до почеток на 20 век.
12. Истражувачки работи и проект за конзервација на остатоците од разрушената црква Св.Тома (Шути манастир), од 17 век, кај Демир Хисар.
13. Превентивна заштита на кровната конструкција и живописот од црквата Св.Спас во село Живојно од 19 век.
14. Иницијатор и раководител на проектот за оформување на лабораторијата за конзервација на икони, зидно сликарство и дрвена резба во просториите на Завод, Музеј и Галерија – Битола.
15. Координатор на реализираната "Работилница за едукација и конзервација на икони во црквата Св.Петка во с. Маловишта" (меѓународна средба на конзерватори од повеќе европски земји и млади студенти од Р. Македонија). Проектот беше реализиран во Септември 2003 година под покровителство на Министерството за култура.
16. Конзервација на иконите и иконостасот во длабока резба од соборната црква Св.Димитиј во Битола.
17. Конзервација на ѕидното сликарство и иконите од иконостасот во црквата св. Богородица во с. Лопатица, од 19 век..
18. Реализација на проектот за формирање на постојаната Галерија на икони во црквата св. Петка во с. Маловишта
19. Конзервација на живописот од опожарената црква во манастирот Св.Петка над селото Цапари, од средината на 19 век.
20. Истражувачки работи и изработка на проект за превентивна заштита и (по потреба) за дислокација на живописот од црквата Св.Спас во манастирот Чебрен – Мариово.
21. Истражувачки работи и изработка на проект за расслојување и конзервација на живописот од црквата Св.Атанасиј над селото Долно Дупени – преспанско, од 17 и 19 век.
22. Истражувачки работи и изработка на проект за конзервација на оштетените делови од живописот во црквата Св.Јован Богослов/Св.Никола над манастирот Слепче, од 17 век.
23. Истражувачки работи и изработка на проект за конзервација на живописот (16/19 век) во црквата Св.Атанасиј во с. Слоештица.

24. Увид во состојбата на живописот и иконописот на територијата на Општина Демир Хисар.

25. Увид во состојбата на живописот и иконописот на територијата на Општина Ресен.

26. Студиско патување на Света Гора со посета на Кареја и манастирите Кутлумуш, Голема Лавра, Пантелејмон, Григориу и Дионисиј.

27. Студиско патување (во повеќе наврати) низ црквите во Костур од 10 – 19 век.

28. Студиско патување низ манастирите на Метеори како и посета на повеќе значајни црковни објекти во Епир.

29. Учество во повеќе научни собири и симпозиуми во земјата и странство со теми од историјата на уметноста.

**Одбрана библиографија**

Р. Палигора, *Пристап кон јавноста и маркетинг во музеите*, во: Зборник на трудови на Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости, музеј и галерија – Битола, бр. 9, Битола 1988.

Р. Палигора, *Резбаната декорација од црквата Св.Петка во с. Маловиште*, во, Перистил, Зборник радова за повијест умјетности, г. XXXII, бр. 31-32, Загреб 1989.

Р. Палигора, *Св.Петка- Маловишта*, изд. Црковен одбор Маловишта, Битола 1988.

Р. Палигора, *Маловишта* (фотомонографија), Завод за заштита на спомениците на културата, музеј и галерија – Битола, Битола 2001.

Р. Палигора, *Сликарството од црквата Успение на Св. Богородица во Велушина*, Битола : Херакли комерц, Битола 2001.

Р. Палигора, *Црквата Успение на Пресвета Богородица во селото Велушина*, во: Битола низ вековите, VI , Битола 2003.

Р. Палигора, *Влашката заедница од Битола во почетокот на 19 век и нејзиниот придонес во изградбата на црквата Св.Димитрие*, во, Битола низ вековите, Битола 2004.

Р. Палигора, *Маловишта - традиција што трае,* Битола : Здружение за одржлив развој на с. Маловишта - ЕКЕ, 2004

Р. Палигора, *Св. Петка, Маловишта*, јубилејно издание по повод 150 годишнината од изградбата на црквата, Битола 2006.

Р. Палигора, *Неколку царски двери од XVI и XVII век во регионите на Пелагонија и Преспа*, Прилози, Год. 44, бр. 1/2 (2013)

Р. Палигора, *Црквата "Св. Димитриј" во Долно Чарлија*, Битола : НУ Завод и Музеј Битола, 2016

Р. Палигора, *Сенки на фениксот : ѕидното сликарство од Долно Егри*, Битола : НУ Завод и Музеј Битола, 2016

Р. Палигора, *Православниот храм Св. Константин и Елена во Битола*, Битола : Комуна на Власите-Арм'ните "Браќа Манаки", 2018